**НАБЉУДУВАЧКА МИСИЈА ЗА ИЗБОРИ**

**Поранешна Југословенска Република Македонија**
**Локални избори, Втор круг, 29 октомври 2017**

# ИЗЈАВА ЗА ПРВИЧНИТЕ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

## ПРВИЧНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Вториот круг од општинските избори, на 29 октомври, беше конкурентен, а почитувањето на темелните слободи придонесе да се одржат демократски избори. Кампањата беше куса и доста тивка, а партиите се бореа за поддршка и надвор од нивната традиционална база на поддржувачи, иако повремено се користеше агресивна реторика. Беа пријавени изолирани случаи на злоупотреба на административни ресурси и купување гласови. Медиумите и натаму обезбедуваа балансирано покривање на учесниците, но ова беше засенето од негативните спотови во кампањата. Денот на изборите беше севкупно професионално менаџиран, иако работата на избирачките одбори во тек на пребројувањето можеше да биде подобрена.

Правната рамка, генерално земено, ги обезбедува темелните права и слободи и претставува солидна основа за спроведување демократски избори. Повеќето одредби од Изборниот законик (ИЗ) важат за вториот круг. Сепак, ИЗ не регулира јасно определени аспекти на процесот, намалувајќи ја кохерентноста на законската рамка за изборите.

Државната изборна комисија (ДИК) ја подобри транспарентноста на своето работење меѓу двата круга. Сепак, таа не испланира соодветно дополнителни обуки, едукација на гласачите и финансиска поддршка за 10 општини со блокирани сметки. Работата на Општинските изборни комисии беше, главно, оценета позитивно. Сепак, беше забележан најмалку еден случај на перципирана политичка пристрасност.

Системот за приговори за денот на изборите е централизиран. ДИК ги разгледа и отфрли сите 46 приговори по првиот круг. Иако не беше запазен законскиот рок од 48 часа, за сите случаи се расправаше на отворени седници, а одлуките се објавуваа онлајн, што придонесе кон транспарентноста. Сепак, начинот на кој се постапуваше по многу приговори го загрози владеењето на правото и гарантираниот процес, спротивно на обврските што произлегуваат од членството во ОБСЕ. Управниот суд ги потврди сите одлуки на ДИК што беа обжалени.

Ажурирањето на избирачкиот список помеѓу двата круга не е предвидено со законот, што, како последица, ги лиши од можноста да го остварат правото на глас гласачите што во овој период наполнија 18 години. Над 900 гласачи во казнените институции не можеа да го остварат своето избирачко право во обата круга, зашто немаа валидни лични документи. Покрај ова, ДИК усвои

одлука со која на гласачите што се наоѓаат на избирачкиот список, но чии лични документи беа истечени, не им беше дозволено да гласаат.

Вкупно 68 кандидати од 8 партии, како и 2 независни кандидати учествуваа во вториот круг; шест кандидати беа жени. Кампањата стана динамична дури неколку дена пред вториот круг. Стратегиите за кампања беа редизајнирани, а методите модифицирани за да се таргетираат неопределените гласачи. Некои партии изразија загриженост околу тоа што премиерот вети владина поддршка за општините со градоначалници од владеачката коалиција. Оваа постапка ја поткопа разделеноста на државата и партијата, спротивно на обврските што произлегуваат од членството во ОБСЕ.

Во предизборието пред вториот круг, информативното покривање на кампањите беше ограничено, но порасна во последната седмица. На приватните медиуми, во платеното рекламирање доминираа двете најголеми партии, главно со негативен тон. Делотворноста на одлучувањето по приговорите поврзани со медиумите, пред вториот круг беше поткопана со пропуштање на законските рокови од страна на судовите.

Денот на изборите беше генерално добро менаџиран. Сепак, процедуралните неправилности воочени во тек на процесот на пребројување ја намалија позитивната оценка, а на повеќе од половината од набљудуваните избирачки места протоколите со резултатите не беа истакнати на увид на јавноста. Сумирањето е оценето како ефикасно и транспарентно. Тензии надвор од некои избирачки места, поради присуството на партиски активисти беа, воочени во две општини; некои случаи на притисок врз гласачите, како и неколку случаи на купување гласови, беа проследени до органите. По завршувањето на гласањето, владеачката коалиција го поздрави изборниот процес, додека главната опозициона партија изјави дека нема да ги признае изборните резултати поради наводните широко распространети неправилности пред и на денот на изборите.

## ПРЕЛИМИНАРНИ НАОДИ

### Предисторија и настани по првиот круг на изборите

Првиот круг од изборите се одржа на 15 октомври. Градоначалниците се избрани во два круга со мнозински модел, а советниците се избраа во еден круг со пропорционален систем. Државната изборна комисија (ДИК) ги објави конечните резултати од првиот круг на 24 октомври и покажа тесна разлика околу бројни градоначалнички места.[1] Четириесет и шест градоначалници се избрани во првиот круг. Од нив, 38 се од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), 3 од Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), 2 од Демократската унија за интеграција (ДУИ), 1 од Демократската партија на Турците во Македонија (ДПТМ) и 2 независни; од избраните, три се

[1] Во Штип, кандидатот на Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) доби (48 проценти), а Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) (47 проценти); во Кисела Вода, ВМРО-ДПМНЕ (45 проценти) и СДСМ (49 проценти); во Гази Баба, ВМРО-ДПМНЕ (44 проценти) и СДСМ (47 проценти).

жени.[2] По првиот круг, во општините каде изборите се прогласени за конечни, се случи мирен пренос на власта.

Вториот круг избори за градоначалници беше распишан за 29 октомври во 35 општини, што опфати 70 кандидати, вклучувајќи два независни.[3] Од нив, шест беа жени. Пред вториот круг, Алијансата на Албанците (АА) објави нова коалиција со Движењето БЕСА (БЕСА), додека СДСМ ја повтори поддршката за ДУИ.

## Приговори и жалби по првиот круг

Правната рамка предвидува централизиран процес за приговори за денот на изборите, при што ДИК одлучува за предметите поднесени само од учесниците во изборите, а во однос на неправилности во гласањето, пребројувањето и сумирањето на резултатите. Овие одлуки на ДИК може да се обжалат пред Управниот суд. Учесниците во изборите имаат право да поднесат приговори во рок од 48 часа по објавувањето на прелиминарните резултати. Сепак, ДИК најави унифициран краен рок, не земајќи го предвид фактичкото време кога секоја Општинска изборна комисија (ОИК) ги објави своите резултати.[4] Ова значително го скуси рокот за некои приговори и го поткопа правото да се бара делотворен правен лек. Покрај ова, непотребно строгите одредби бараат ДИК да ги поништи резултатите од избирачкото место во случај на процедурални неправилности, вклучувајќи ги и помалите.[5]

ДИК прими 46 приговори по изборниот ден од првиот круг, од кои најголем дел поднесе најголемата опозициона коалиција. Повеќето се однесуваа на помали неправилности, додека сите бараа поништување на резултатите на избирачки места.[6] ДИК ги одби сите приговори, при што членовите решаваа долж политичките линии, спротивно на барањето за непристрасност.[7] Иако многу случаи беа испитувани суштествено, темелноста варираше.[8] Во некои случаи, основите за отфрлање беа неразумни, а во некои недостасуваше јасна и солидна правна основа.[9]

---

2 Вкупно 455 жени се избрани во советите, што претставува 33 проценти. Во изборите за советите низ целата земја претежно победи СДСМ (41 процент), ВМРО-ДПМНЕ (32 проценти), ДУИ (10 проценти), а по нив следат БЕСА (5 проценти), АА (5 проценти), Демократската партија на Албанците (1 процент), ДПТМ (1 процент), други помали партии и независни кандидати (по 3 проценти за секоја категорија).

3 За победа во вториот круг, кандидатот треба да освои мнозинство гласови.

4 ДИК го постави крајниот рок за 02:00 часот на 18 октомври, врз основа на неточната претпоставка дека сите ОИК ги објавиле прелиминарните резултати до 02:00 на 16 октомври. Последното објавување резултати од ОИК беше во 22:00 на 17 октомври.

5 Во други основи спаѓаат и вишок гласачки ливчиња во кутијата, гласање наместо друг гласач и прекин на гласањето подолг од три часа.

6 Приговорите опфаќаа околу 80 избирачки места и се однесуваа на изборите во девет општини и Градот Скопје. Најголем дел наведуваа давање на гласачите вишок гласачки ливчиња или погрешни гласачки ливчиња, помал број вишок или ливчиња што недостасуваат во гласачките кутии, или примероци од протоколот што биле некомплетни, непотпишани, или бројките не се поклопувале.

7 На седницата доминираа четири члена; двата члена предложени од ВМРО-ДПМНЕ се залагаа за усвојување на приговорите на нивната партија, додека двата члена номинирани од СДСМ повикуваа да се отфрлат тие приговори.

8 Во некои случаи, ДИК ги повикуваше членовите на комисиите на пониско ниво за распрашување, ги испитуваше избирачките материјали и вршеше повторно пребројување.

9 Во основите за отфрлање спаѓаа и отсуство или присуство на забелешка во протоколот околу нерегуларност, фактот дека ДИК, на барање, има дадено упатство на ОИК како да се осврне на слични нерегуларности, како и поради недоволно сериозната природа на прекршувањето.

За неколку случаи разгледувањето беше ускратено на техничка основа, спротивно на меѓународната добра пракса.[10]

Начинот на кој се постапуваше по многу приговори го загрози владеењето на правото и гарантираниот процес, спротивно на обврските што произлегуваат од членството во ОБСЕ.[11] Иако не беше запазен рокот од 48 часа, ДИК за сите предмети решаваше на отворена седница, а приговорите и одлуките беа веднаш објавени на веб-сајтот на ДИК, што придонесе кон транспарентноста.

Дваесет и осум одлуки на ДИК беа обжалени пред Управниот суд, речиси сите во рамки на рокот од 24 часа. Како генерално правило, Управниот суд не одржува јавни седници, што ја ограничува транспарентноста на решавањето на изборните спорови. Сепак, судот одржа отворени седници за да даде информации за предметите, како што бара ИЗ; одлуките беа донесени во рокот од 48 часа и веднаш објавувани.[12] Сите жалби беа одбиени, што ги остави поткрепените случаи без делотворен правен лек. Севкупно, роковите за поднесување и постапување по постизборните приговори се неразумно куси, спротивно на меѓународната добра пракса.[13]

## Законска рамка

Законската рамка ги обезбедува темелните права и слободи, вклучувајќи ја заштитата на малцинските права, и генерално претставува солидна основа за спроведување демократски избори. Повеќето одредби на ИЗ се применуваат во вториот круг; сепак, ИЗ не регулира јасно определени аспекти на процесот, што ја намалува кохерентноста на изборното законодавство. Тука спаѓа отсуството на одредби за можноста за ажурирање на избирачкиот список, за пријавите за гласање во домот, за распределбата на билборди и место за плакати, како и за акредитацијата на набљудувачите.

## Изборна администрација

Изборите во вториот круг ги администрираше ДИК, 35 ОИК лоцирани во општините каде се одржа втор круг и 1517 Избирачки одбори (ИО). Секретаријатот на ДИК ги идентификува ИО и

---

10 Член II.3.3. (96) од Кодексот на добра пракса во изборните прашања (Кодекс на добра пракса) од 2002, на Комисијата за демократија преку правото (Венецијанската комисија) на Советот на Европа наведува дека „е неопходно да се елиминира формализмот, па така, да се одбегнуваат одлуки за недопуштеност, особено во политички чувствителни случаи“. На пример, приговор што докажувал дека бројките за гласачите на две партии се сменети во електронскиот систем беше одбиен за разгледување и грешката не беше поправена.

11 Точка 5.10 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 наведува дека „Секој има право на делотворна правна заштита од административни одлуки, за да се гарантира почитувањето на темелните права и да се обезбеди правен интегритет.“. Види, исто така, точка 18.2 од Московскиот документ на ОБСЕ од 1991.

12 За предметите решава совет од судии избрани по случаен избор. Четири судии под обвинение за злоупотреба на службената положба и овластувања при решавање за предметите за општинските избори во 2013 беа меѓу одбраните судии.

13 ДИК решаваше по сите постизборни приговори на седница што траеше 23 часа, а под временски притисок, и значително го забрза своето испитување во втората половина на седницата. Член II.3.3. (95) од Кодексот на добра пракса наведува дека “временските ограничувања мора ... да се доволно долги за жалбите да се можни, да се гарантира остварувањето на правото на одбрана и обмислена одлука. Временскиот лимит од три до пет дена во прв степен (и за поднесување жалби и за донесување одлуки) се чини разумен ... Сепак, допуштено е да се дозволи малку повеќе време на [највисокиот суд] за неговите одлуки.“

ОИК на кои им беше потребна дополнителна обука за тоа како да се пополнуваат протоколите за резултатите.[14] Сепак, обуките обезбедени од ДИК не беа спроведени на национално ниво, а набљудуваните обуки беа оценети како недоволни од НМИ на ОБСЕ/ОДИХР. Покрај ова, како и во првиот круг, ДИК не ги разработи подробно процедурите на ОИК за коригирање грешки во протоколите, а на нејзините упатства до комисиите на пониско ниво им недостигаше јаснотија.[15] Позитивно е што шест ОИК организираа дополнителна обука за персоналот на ИО на сопствена иницијатива.

Во тек на пребројувањето за обете рунди, валидноста на гласачките ливчиња се утврдуваше согласно одлука на ДИК. Во спротивност со ИЗ, таа бараше ИО да поништат определени гласачки ливчиња на кои намерата на гласачот била јасна.[16] Ова, дополнително на немањето одредби за ненамерно оштетени и празни гласачки ливчиња, придонесе да има значителен број неважечки ливчиња.[17]

Трошоците на администририрање на изборите ги сносат општинските власти, освен кога сметката на општината е блокирана со судска одлука. Во вакви случаи, финансирањето го обезбедува државниот буџет, врз основа на трошоците на претходните избори. Сепак, ДИК не префрли средства навремено, што остави 10 ОИК во финансиски тешкотии. Седум ОИК ја информираа НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека тие ги финансирале изборите од лични средства на своите членови.[18]

ДИК ја подобри својата транспарентност меѓу двата круга со тоа што ги објавуваше седниците и нивната агенда однапред и објавуваше некои одлуки за неодамнешните седници онлајн. Сепак, ДИК и натаму донесуваше некои одлуки на затворени седници.[19] Работата на ОИК беше главно оценета позитивно од страна на НМИ на ОББСЕ/ОДИХР. Сепак, најмалку еден случај на перципирана политичка пристрасност беше забележан во предизборието на вториот круг. Спотовите за едукација на гласачите се зголемија во последната седмица пред изборите; сепак, севкупните напори на ДИК да допре до избирачите беа минимални.

## Регистрација на гласачите

Нема законски одредби за ажурирање на избирачкиот список меѓу двата круга, што во суштина ги лиши од правото на глас гласачите што беа исклучени од избирачкиот список зашто имале

---

14 Составот на ИО и ОИК во најголем дел остана ист во вториот круг.

15 На пример, резултатите на националното ниво во првиот круг покажаа несовпаѓање од 922 меѓу бројот на предадени гласачки ливчиња и гласачи што гласале на изборите за градоначалник, како и разлика од 310 во изборите за општински совети.

16 ИЗ наведува дека гласачкото ливче е валидно доколку редниот број на кандидатот е заокружен или означен на „недвосмислен“ начин. Сепак, одлуката на ДИК и материјалот за обука на ИО наведуваат дека секоја ознака освен „целосен круг“ прави гласачкото ливче да е невалидно.

17 Во првиот круг, 4,2 проценти од сите предадени гласачки илвчиња беа определени како неважечки; во една општина, бројот на неважечки гласачки ливчиња достигна осум проценти; во десетина општини тие беа над пет проценти. Во седум општини, бројот на неважачки гласови беше толку висок што ниеден кандидат не постигна 50 проценти од сите дадени гласови, што предизвика потреба од втор круг.

18 На 25 октомври, ДИК одлучи да префрли 538 000 денари (приближно 8 500 Евра) за да ги покрие превозните трошоци на комисиите од пониско ниво.

19 На пример, на 23 октомври ДИК одлучи против измени во составот на ИО со шест наспроти три гласа. За истата одлука се гласаше повторно на отворена седница на 24 октомври.

истечени документи за идентификација (лична карта) и кои наполниле 18 години во тој период, што е во спротивност со обврските што произлегуваат од членството во ОБСЕ.[20] ДИК ја информира НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека над 900 гласачи во затворските установи не биле вклучени во списоците, зашто немале важечки лични карти и не можеле да гласаат во ниеден круг. Покрај ова, бидејќи нема одредби за организирање гласање во болниците, установите за долготрајна нега и старечките домови, тие гласачи беа, исто така, лишени од можноста да го остварат правото на глас.

На 25 октомври, ДИК усвои одлука со која гласачите што беа на избирачкиот список, но чии лични карти истекоа меѓу двата круга не можеа да гласаат.[21] ДИК апелираше овие гласачи да ги обноват своите документи пред вториот круг.

## Опкружување и финансирање на кампањите

Официјалниот период на кампања за вториот круг започна на 16 октомври и заврши на 27 октомври на полноќ.[22] Генерално мирната атмосфера покажана во тек на првиот круг генерално продолжи во вториот круг. Кандидатите ги водеа кампањите слободно и без ограничувања. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР исто така набележа бројни конкретни наводи за притисок врз гласачите, заплашување и купување гласови од различни партии; неколку беа кредибилни.[23] Неколку кривични пријави беа поднесени до Јавното обвинителство[24].

Кампањата стана динамична само неколку дена пред вториот круг. Стратегиите за кампања беа централно редизајнирани, но за разлика од претходно, на кандидатите им беше дадена поголема автономија локално. Севкупно, кампањите се фокусираа на директна комуникација и интеракција со гласачите лице в лице. Кандидатите и натаму користеа официјални ФБ страници за водење кампањи, но сепак во помал степен во споредба со првиот круг. Покрај ова, некои кандидати се фокусираа на населбите каде излезноста беше особено ниска во тек на првиот круг. Реториката на кампањата беше поинтензивна, а повремено и агресивна, во областите каде живеат етнички Албанци, во споредба со општините со кандидати од СДСМ и од ВМРО-ДПМНЕ.[25] Соговорниците на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР забележаа дека вториот круг беше поконкурентен, со партии што бараа гласови и надвор од нивната традиционална база на

---

[20] Став 7.3 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ ги обврзува земјите-членки да „гарантираат универзално и еднакво право на глас на полнолетните граѓани“.

[21] Според ИЗ, гласачите мораат да покажат документ за лична идентификација (лична карта или пасош); тој не ја споменува важноста изрично.

[22] ИЗ не го регулира конкретно почетокот на кампањата во вториот круг, сепак се претпоставува дека таа почнува веднаш по првиот круг на денот на изборите.

[23] На пример, во Струга, три лица беа уапсени и покренато е обвинение за купување и продавање гласови, Во Кавадарци, како што се јавува, едно лице блиско до една партија вршело притисок на двајца вработени да соберат 50 гласачи. Откако одбиле, биле отпуштени. Во Зрновци, активист на ВМРО-ДПМНЕ беше повикан на распит од полицијата во врска со кривично дело нарушување слобода на избор на гласачите. Во Чешиново – Облешево осум члена, а во Зрновци пет члена на ВМРО-ДПМНЕ беа испрашувани од полицијата за пријавени наводи за купување гласови.

[24] На 29 октомври ДИК најде случај за изградба на пат во Кисела Вода, што е повреда на член 8а од ИЗ и го проследи до Јавното обвинителство.

[25] Во општините каде е познато дека се решавачки гласовите на помалите заедници, кандидатите се обратија на гласачите од овие етнички групи.

поддржувачи. Жените кандидати што се сретнаа со МНИ на ОБСЕ/ОДИХР не изразија загриженост околу еднаквите можности за водење кампања.

Во тек на кампањата за вториот круг, имаше само неколку големи митинзи, на кои често беше присутно националното раководство на партиите. Премиерот, повремено во своето официјално својство, се обраќаше на електоратот на митинзите на СДСМ и го користеше Твитер за да испраќа пораки од кампањите.[26] Тој промовираше инклузивност, локален развој и интеграција во Европската Унија и НАТО. Некои партии изразија загриженост околу тоа што премиерот ветува владина поддршка за општините со градоначалник од СДСМ или од ДУИ.[27] Овие постапки ја поткопаа разделеноста на државата и партијата, спротивно на обврските што произлегуваат од членството во ОБСЕ.[28]

Плафонот за расходи во кампањата беше ист како и за првиот круг. Два прелиминарни извештаи се бараат од учесниците пред првиот круг, иако немаше санкции за оние што не ги поднесоа навремено. Третите прелиминарни извештаи за финансирање на кампањите требаше да се поднесат на 28 октомври, а само четири учесници го исполнија ова барање, намалувајќи ја транспарентноста на процесот.[29] Сите поднесени извештаи се објавуваа на веб-сајтот на ДИК по приемот.

## Медиуми

Во предизборието на вториот круг, НМИ на ОБСЕ/ОДИХР вршеше мониторинг на медиумите, главно фокусиран на исходот од првиот круг, со ограничено известување за кампањата во вториот круг.[30] Информативното покривање посветено на учесниците се зголеми дури во последната седмица од кампањата. Како што бара ИЗ, јавниот радиодифузер обезбеди за учесниците бесплатно време на емитување во ударни термини; петмина кандидати ја искористија оваа можност. Како и во првиот круг, медиумскиот мониторинг на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР укажа дека јавниот радиодифузер ги покриваше сите учесници на балансиран начин и со неутрален тон. Тој посвети 25 проценти од информативното покривање на СДСМ, 24 проценти на ВМРО-ДПМНЕ, 20 проценти на ДУИ, 15 проценти на БЕСА и 9 проценти на АА.

---

26 НМИ на ОБСЕ/ОДИХР набљудуваше вакви настани во Чаир, Гази Баба, Гостивар, Карбинци, Шуто Оризари, Старо Нагоричане, Струга и Виница. Покрај ова, на 27 октомври, на твитер налог посветен на неговото официјално својство како премиер и како лидер на СДСМ, тој ветуваше намалување на цените на водата за 10 проценти, за сите домаќинства во Штип, по изборите. Исто така, кандидатот на СДСМ во Штип пријави до органите на прогонот наводи дека градоначалникот од ВМРО-ДПМНЕ отпочнал изградба на пат во изборниот период, спротивно на ИЗ и Кривичниот законик.

27 Загриженост неколку пати изразија кандидатите на АА и БЕСА.

28 Точка 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 повикува на „јасна разделеност меѓу државата и политичките партии; особено, политичките партии нема да се спојуваат со државата.“. Заедничките насоки на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија за спречување и одговор на злоупотребата на административни ресурси во тек на изборни процеси. пропишуваат дека „со цел да се спречи злоупотребата на административните ресурси за да се наруши изедначениот терен за изборен натпревар во тек на изборите, законската рамка треба да наведува дека во тек на кампањите не треба да се објавуваат големи новости поврзани со поволна перцепција или коишто би можеле да создадат поволна перцепција кон дадена партија или кандидат.“

29 Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ ја информира ДИК дека го испратила својот извештај по пошта.

30 НМИ на ОБСЕ/ОДИХР вршеше медиумски мониторинг од 21 септември до 15 октомври, како и од 16 до 29 октомври. Таа опфати квантитативен и квалитативен мониторинг на шест ТВ канали: МТВ1, МТВ2, *Сител, Канал 5, Телма, Алсат-М* и четири дневни весници: *Нова Македонија, Слободен печат, Вечер и Коха.*

Приватните канали посветија 40 проценти од информативното покривање на СДСМ, 35 проценти на ВМРО-ДПМНЕ, 9 проценти на ДУИ, 9 проценти на АА, 4 проценти на БЕСА и 2 проценти на ДПА. [31] Голем број платени рекламни пораки, негативни по тон, беа главно користени од ВМРО-ДПМНЕ, а повремено и од СДСМ.

На различни радиодифузни медиуми се организираа дебати меѓу кандидатите за градоначалници во нивните општини. Севкупно, на осум дебати домаќин беше јавниот канал, МТВ1, како и приватниот канал, *Канал 5*, меѓу кандидатите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ; не се одржаа дебати со кандидатите етнички Албанци и со независните.

Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги (ААВМУ) поведе две прекршочни постапки против некои радиодифузери во тек на вториот круг. Случаите за однесуваат на кршење на одредбите од ИЗ за лимитите за платено политичко рекламирање и за неизбалансирано известување. Основниот суд донесе одлуки во два случаи од првиот круг, пресудувајќи казни пониски од пропишаните во ИЗ. Обете беа обжалени од ААВМУ врз основа на недоволноста на казните.[32] Судовите допрва треба да решаваат за ова во жалбена постапка. Делотворноста на судското решавање на приговорите поврзани со медиумите пред вториот круг беше поткопана со тоа што судовите ги пропуштаа законските рокови.

## Граѓански и меѓународни набљудувачи

Сите акредитирани граѓански групи набљудувачи ги продолжија своите активности на набљудување, вклучувајќи и распоредување набљудувачи за вториот круг.[33] И покрај отсуството на законски одредби за вториот круг, ДИК дозволи поднесување нови листи на набљудувачи за веќе акредитираните организации.

## Денот на изборите

Гласањето претходниот ден и на денот на изборите беше севкупно добро менаџирано. Сепак, процедуралните неправилности воочени во тек на процесот на пребројување ја намалија позитивната оценка. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР е запознаена со пет случаи поведени од полицијата, за гласачи што ги фотографираат своите гласачки ливчиња; два случаи на купување гласови беа проследени до органите.[34] Беше забележано робусно полициско присуство околу избирачките места во некои општини. Набљудувачите од партиите и граѓанските организации беа присутни на 92, односно 54 проценти од набљудуваните избирачки места. Во 53 проценти од набљудуваните места, со ИО претседаваа жени, а севкупно женските членови на комисиите беа во мнозинство.

---

[31] Севкупно, мониторираните приватни електронски медиуми покажаа доста неутрален тон кон кандидатите, во информативното покривање.

[32] Иако ИЗ пропишува парична казна од 8000 Евра и 4000 Евра за вакви прекршоци, беа пресудени казни од само 4500 Евра, односно 2250 Евра.

[33] ДИК акредитираше шест граѓански набљудувачки групи: МОСТ; ЦИВИЛ, Охридскиот институт за демократски стратегии и меѓународни работи, СИНЕРГИЈА, Македонскиот центар за култура и развој, Центарот за разбирање и уставна соработка.

[34] Министерството за внатрешни работи прими вкупно 28 пријави за различни прекршувања. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР набљудуваше два случаи на гласачи што ги фотографираа своите гласачки ливчиња.

Гласањето претходниот ден, на 28 октомври, беше позитивно оценето во сите 9 затвори и во 40 од 44 набљудувани гласања дома. Негативната оценка на набљудувачите се должеше на компромитираната тајност на гласањето и отсуството на гласачка кутија.

На денот на изборите, отворањето беше оценето позитивно на 44 од набљудуваните 45 избирачки места. Беше воочен извесен број помали процедурални неправилности, што не се одразија на интегритетот на процесот. Сепак, во пет случаи не беа пополнети протоколите, а во една општина бројот на регистрирани гласачи отпечатен на протоколот беше неточен; од ДИК беше побарано веднаш ја поправи грешката.

Гласањето беше позитивно оценето во 97 проценти од извршените набљудувања. Сепак, тензии надвор од некои избирачки места поради присуството на партиски активисти беа воочени во две општини.[35] Набљудуваните процедурални неправилности опфаќаа семејно гласање (6 проценти), компромитирана тајност на гласањето (2 проенти) и партиски набљудувачи што го пречекоруваат својот мандат (2 проценти). ДИК посоветува три ОИК како да одговорат на разновидни неправилности.

Избирачките места се затворија на време и повеќето ИО ги почитуваа процедурите за затворање. Сепак, пребројувањето беше негативно оценето во 8 од 44 извршени набљудувања. Во 14 случаи, ИО не го утврди правилно бројот на гласачи што гласале, а во 9 случаи тие не ги преброија неискористените гласачки ливчиња. Педесет и четири проценти од ИО не ги истакнаа протоколите со резултатите на јавен увид, што ја поткопа транспарентноста.

Сумирањето на резултатите беше ефикасно и транспарентно во сите 35 набљудувани ОИК. Централизираниот систем за менаџирање на резултатите функционираше соодветно во сите освен една ОИК. Сепак, во 16 ОИК, беше поправен извесен број протоколи за резултати од ИО што содржеа нумерички грешки, што укажува на недоволна обука како да се пополнуваат. Во шест ОИК беа поднесени приговори за ова прашање.

ДИК почна да ги објавува прелиминарните резултати по избирачко место бргу по затворањето на избирачките места. Беше објавена излезност од 51,92 проценти. Иако СДСМ и ДУИ го поздравија изборниот процес, ВМРО-ДПМНЕ изјави дека нема да ги признае резултатите, поради наводно широко распространети неправилности пред и на денот на изборите.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСИЈАТА И БЛАГОДАРНОСТ

Скопје, 30 октомври 2017 – Изјавата за прелиминарните наоди и заклучоци е резултат на набљудувањето на Мисијата за набљудување на изборите (НМИ) распоредена од Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОБСЕ/ОДИХР). Оценувањето беше спроведено за да се определи дали изборите ги почитуваа обврските што произлегуваат од членството во ОБСЕ, другите меѓународни обврски и стандардите за демократски избори, како и националното законодавство.

[35] ДИК прими два приговори за притисок врз гласачите на избирачки места од ОИК во Гази Баба и Шуто Оризари. Народниот правобранител прими две слични поплаки од избирачки места во Штип.

Амбасадорката Одри Гловер е шеф на Мисијата за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДИХР, распоредена од 13 септември.

ОБСЕ/ОДИХР ја усвои Декларацијата од 2005 за принципите за меѓународно набљудување на изборите. Оваа Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци се дава пред завршувањето на изборниот процес. Завршната оцена на изборите ќе зависи, делумно, од водењето на преостанатите фази на изборниот процес, вклучувајќи го постапувањето по евентуалните поплаки и жалби поднесени по денот на изборите. ОБСЕ/ОДИХР ќе издаде сеопфатен финален извештај, вклучувајќи препораки за потенцијални подобрувања, околу осум седмици по завршувањето на изборниот процес.

За вториот круг на изборите, НМИ на ОБСЕ/ОДИХР опфати 17 експерти во главниот град и 17 долгорочни набљудувачи и 88 краткорочни набљудувачи, распоредени низ целата земја. На денот на изборите, беа распоредени 126 набљудувачи, повлечени од 25 земји – членки на ОБСЕ.

Набљудувачите сакаат да се заблагодарат на властите на земјата-домаќин за поканата да ги набљудуваат изборите и на Државната изборна комисија за нејзината помош. Тие, исто така, сакаат да ја изразат својата благодарност до другите државни институции, политички партии и организации на граѓанското општество и претставници на меѓународната заедница за соработката.

За натамошни информации, ве молиме контактирајте со:

- Амбасадорката Одри Гловер, Шеф на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во СКопје (+389 2 322 2558)
- Томас Ример, портпарол на ОБСЕ/ОДИХР (+48 609 522 266)
- Тамара Отиашвили, советник на ОБСЕ/ОДИХР за изборите, во Варшава (+48 222 5200 680)

**Адреса на ОБСЕ/ОДИХР**

Никола Кљусев бр. 6
Тел: + 389 2 3222 558, факс + 389 2 3226 776
Е-пошта: office@odihr.mk
Вебсајт: http://www.osce.org/odihr/elections/fyrom/339261

***Англиската верзија на оваа изјава е единствениот официјален документ.***
***Неофицијален превод е достапен на македонски и на албански јазик***